**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр 02-2081/2
07.04.2009 год.
Скопје

**До:** Кабинет на министерот
Министер
Др. Неџати Јакупи

**Предмет:** Заклучок на извештај

**Врска:**

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05 и 24/07) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево, на ден 01.04.2009 година изготви

## ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот "Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево"

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево, изработена од консултантската куќа - "ДЕКОНС-ЕМА" Друштво за еколошки консалтинг од Скопје за потребите на инвеститорот "МОСЕН" ДООЕЛ од Крушево, оцени дека со предлог проектот инвеститорот предвидува поставување на 53 ветерници на територијата на општина Крушево. Целта на овој проект е производство на приближно 160 МВ електрична енергија на годишно ниво со помош на ветер. Ветерот е обновлив извор на енергија, поради што овие проекти се нарекуваат "зелени проекти" кои не предизвикува загадување на животната средина и природата. Покрај заштитата на животната средина овој проект ќе допринесе во намалување на зависноста од увоз на електрична енергија.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

**Комисија:**

1. Зоран Бошев ____________________
2. Васил Анастасовски ____________________
3. Сокол Клинчаров ____________________
4. Лендита Дика ____________________
5. Берат Дехари ____________________
6. Даница Павловска ____________________
7. Фатос Балиу ____________________
8. Драган Бучев ____________________
9. Хусни Тачи ____________________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Поставување на ветерници (ветров парк) во Крушево.